Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/435 на Советот од 23 март 2020 година за изменување на Одлуката 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Босна и Херцеговина**

**Член 1**

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/435 на Советот од 23 март 2020 година за изменување на Одлуката 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Босна и Херцеговина.

**Член 2**

Оваа одлука се однесува на меѓународни рестриктивни финансиски мерки.

**Член 3**

Се определуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии и Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

**Член 4**

Одлуката (ЗНБП) 2020/435 на Советот од 23 март 2020 година за изменување на Одлуката 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Босна и Херцеговина во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 5**

Рестриктивните мерки против Босна и Херцеговина ќе се применуваат до 31 март 2021 година.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-5283/1
16 јуни 2020 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

м-р Радмила Шекеринска
Јанковска

# COUNCIL DECISION (CFSP) 2020/435

## of 23 March 2020

## amending Decision 2011/173/CFSP concerning restrictive measures in view of the situation in Bosnia and Herzegovina

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 21 March 2011, the Council adopted Decision 2011/173/CFSP [1] concerning restrictive measures in view of the situation in Bosnia and Herzegovina.

(2) On the basis of a review of Decision 2011/173/CFSP, the restrictive measures should be renewed until 31 March 2021.

(3) Decision 2011/173/CFSP should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

The second paragraph of Article 6 of Decision 2011/173/CFSP is replaced by the following:

'This Decision shall apply until 31 March 2021.'.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 23 March 2020.

*For the Council*

*The President*

A. METELKO-ZGOMBIĆ

[1] Council Decision 2011/173/CFSP of 21 March 2011 concerning restrictive measures in view of the situation in Bosnia and Herzegovina (OJ L 76, 22.3.2011, p. 68).

32020D0435; преведувач: Марија Бојкова-Блажеска; 5.5.2020 година.

**ОДЛУКА (ЗНБП)2020/435 НА СОВЕТОТ**

**од 23 март 2020 година**

**за изменување на Одлуката 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Босна и Херцеговина**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 21 март 2011 година, Советот ја донесе Одлуката 2011/173/ЗНБП ([1]) за рестриктивните мерки со оглед на состојбата во Босна и Херцеговина.

(2) Врз основа на преглед на Одлуката 2011/173/ЗНБП, рестриктивните мерки треба да се продолжат до 31 март 2021 година.

(3) Затоа, Одлуката 2011/173/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Вториот став од член 6 од Одлуката 2011/173/ЗНБП се заменува со следново:

„Оваа одлука се применува до 31 март 2021 година.“.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот по нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Брисел, 23 март 2020 година.

За Советот

Претседател

А. МЕТЕЛКО-ЗГОМБИЧ

[1]Одлука 2011/173/ЗНБП на Советот од 21 март 2011 година за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Босна и Херцеговина (Сл. весник L 76, 22.3.2011 година, стр. 68).